Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 77 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 27 став (3), а согласно член 19 став (8) точка 2. од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.40/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јуни 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА**
**ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги БАЛКАН ЕКО СОЛАР ДООЕЛ увоз - извоз Битола за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "БАЛКАН ЕКО СОЛАР", УП1 бр. 12-214/26 од 20 мај 2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство, трговија и услуги БАЛКАН ЕКО СОЛАР ДООЕЛ увоз - извоз Битола, со седиште на ул. "Рокдајл" бр.8/8 Битола (во понатамошниот текст: Друштво), на 20 мај 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "БАЛКАН ЕКО СОЛАР", УП1 бр. 12-214/26 од 20 мај 2026 година (во натамошниот текст: Барање).

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за ФЕЦ "БАЛКАН ЕКО СОЛАР" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 157/24, 76/25, 9/26).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 21 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека лиценцата за пробна работа е истечена, а поднесеното барање е по истекот на истата.

Согласно член 77 став (1) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) лиценца за пробна работа се издава исклучиво ако е тоа потребно заради тестирање на техничките перформанси на енергетскиот објект и влијанието врз енергетскиот систем на којшто е приклучен. Согласно став (3) од истиот член лиценцата за пробна работа се издава само еднаш со важност до девет месеци, со можност за нејзино продолжување под услови, на начин и во постапка утврдени со правилникот за лиценци, без плаќање на надоместок. Лиценцата за пробна работа е издадена на 25 јули 2024 година, а престаната на 25 април 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-895/2 од 8 јуни 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 8 јуни 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 77 од Законот за енергетика* и член 27 став (3), а согласно член 19 став (8) точка 2. од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за одбивање на барањето за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "БАЛКАН ЕКО СОЛАР" на Друштвото за производство, трговија и услуги БАЛКАН ЕКО СОЛАР ДООЕЛ увоз - извоз Битола.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-214/26**
**8 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и**
**услуги за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**
**Ацо Ристов**